# Бубамара за „За подобар живот“

Радио Бубамара го претставува постерот на овогодишната манифестација „Златна бубамара на популарноста“, кој го изработи познатиот цртач на анимации Миќо од Битола.
- Во духот на логото на овогодишната манифестација „За подобар живот“ постерот на 21-та „Златна бубамара“ претставува што сѐ може да направи малку боја во сивилото на македонското општествено секојдневие. Бидејќи нема подобар живот, ни подобар воздух, единствено ни преостанува подобра забава. Ве чекаме на 22 февруари во ВИП-арената „Борис Трајковски“. И колку и да трае, ќе си седите... И ќе се смеете! - велат организаторите на Бубамара.